ПОРТРЕТОТ НА МАРКУС

Мразам сентиментални романчиња, ама мајка му на Маркус стварно умре.

У нашата куќа се влегуваше од надвор, по дрвени скали кои водеа до мини-тераса и низ жичена врата у претсобје, па у две соби од кои едната беше премала, а другата на пат кон клозетот.

Маркус живееше у соседната куќа. Ни даваше да земеме филџани од неговата гаража. Татко му беше славен оти ги направил скулптурите пред библиотеката, на ридчето, кај кои фотографирав и без да знам дека се од татко му на Маркус. Маркус ми помагаше да ја напишам шпицата на мојот филм - ја пишував како графити на задната фасада од куќата со љиљаков крејон, а после ја снимав, за најпосле да не ја употребам, сакав нешто помазно.

Маркус сликаше, а ние се бавевме со сешто. Тука имаше и еден манијак кој ги следеше женските и им свиркаше, а и дома им влегол. Чак и ја еднаш го видов. Куќата беше крцата. Имаше ствари од сите нас. У претсобјето спиеја двајца, у малото собче уште двајца со куче, а ние двајца у собата што беше на патот кон клозетот. Се разбудив и го видов со бледо лице на вратата. Мислев дека спијам, па се кутнав в кревет, ама одма се дигнав. Беше отиден, ама знаев дека бил тука.

Маркус сликаше портрет на мајка му. Мене не ми се свиќаше портретот. Маркус ни даваше да се јавуваме од кај него по телефон. Кога го барав изгубениот пасош се утепав од јавување по телефонот на Маркус. Еднаш и мојот несуден професор беше на гости кај Маркус. Еднаш после и ме праша што станало со Маркус, оти он бил пријател со родителите, па сега момчето останало само. Тоа што Френк Пеин ме праша, ме изненади.

Маркус имаше црна кадрава коса и плави очи. Беше, у ствари, добар другар, само кој го забележуваше тогаш тоа. Учев теорија на филм.

Под нас седеа некои чудаци. Едниот се утепуваше од работа, имаше нос како орел и мов место брада. Мислевме дека нема време за јадење и спиење. Беше перфекционист и многу нежен. Мислевме дека е љумфер. Другиот ми беше уште почуден. Беше нормален, ама сенешто насмеан и се со некои мучки. Едно време се скараа, па башка си готвеа. Ни едниот ни другиот не јадеа типични парчиња месо со гарнир и млеко.

Маркус мислам дека се знаеше со нив, ама никако да се сетам која им беше релацијата. И од тука се јавувавме по телефон.

Маркус не го довврши платното со портретот на мајка му. Знаеја дека ќе умре, а ја не го сфаќав озбилно тоа.

После, Тори го закачи недовршениот портрет на прозорецот, фино се фаќаше, ама мене сеуште не ми се свиќаше.